РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА
ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
Број 15 - 169/5
Датум 19.04.2011 200_ год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09 и 115/10), Одборот за акредитација на 38 седница одржана на 18.04.2011 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**со кое се акредитира Елаборатот за организирање едногодишни студии, втор циклус, студиска програма со два модула : Компјутерски мрежи и комуникации и Софтверско инженерство, програмирање и мултимедија на Факултетот за информатика на Европскиот универзитет – Република Македонија во Скопје**

1. Се акредитира нова студиска програма од вториот циклус на Факултетот за информатика по **Компјутерски мрежи и комуникации и Софтверско инженерство, програмирање и мултимедија** на Европскиот универзитетот во Скопје, согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиска програма за втор циклус на студии на Факултетот за информатика, во траење од една година (два семестри).

3. По завршените студии на вториот циклус, студентот се стекнува со назив: **Магистер по информатика,** научно истражувачко подрачје: техничко-технолошки науки, Научно истражувачко поле: информатика, математика, компјутерска техника и информатика, научна област: компјутерски мрежи и комуникации, Софтверско инженерство, програмирање и мултимедија.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Европскиот универзитетот Република Македонија во Скопје, по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за организирање на втор циклус на студии, како и Одлуката за усвојување на студиските програми од Сенатот на Евроскиот унивезитетот, поднесе Елаборат за акредитација на студиска програма бр.15-169/1 од 23.12.2010 година до Одборот за акредитација на високото образование за прифаќање и акредитација на студии од вториот циклус студиска програма на Факултетот за информатика.

Одборот за акредитација на својата 34 седница одржана на 27.01.2011 година формира експертска комисија и на 38. седница одржана на 18.04.2011 година, врз основа доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ,
проф. д-р Михаил Петковски